РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 09-262/5
04 07 2023 год
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Сл.весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16), Општина Дојран, на 05.07.2023 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран** кој го изработува / донесува **Општина Дојран** е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран** се определуваат следните: Општина Дојран, Центар/и за развој на Југоисточниот плански регион), Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), ЈПКД Комуналец-Полин, Стар Дојран, Здруженија на граѓани кои работат во областа на животна средина, природа и одржлив развој, земјоделски здруженија, задруги и поединци, бизнис сектор, како што се угостителски објекти, приватни сопственици на туристички објекти и сл.

3. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за намена Е1.6. – Канализациски инфраструктури: пречистителна станица, на КП бр. 295, дел од КП бр. 458/2, дел од КП бр. 457, дел од КП бр. 456/1 и КП бр. 456/2, КП бр. 458/1, КО Нов Дојран вонград, Општина Дојран** кој го изработува / донесува **Општина Дојран** донесувањето на овој плански документ се очекува дека ќе има влијание врз животната средина

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијанието на стратешките цели и приоритети во поглед на осетливите елементи на животната средина (вода, почва, воздух, управување со отпад, природното и културно/археолошко наследство) како и влијанието на социо-економската состојба.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Дојран на следната веб адреса: **www.dojran.gov.mk**

6. Против ова одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Дојран, 05.07.2023

Име и презиме

**Анго Ангов**

Градоначалник на Општина Дојран

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ДОЈРАН
ОПШТИНА ДОЈРАН